Република Северна Македонија

Министерство за финансии

К-2-2023

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

## - втор квартал 2023 година -

## Резиме

- Во К-2-2023 е забележан **раст на економската активност** од 1,1% на годишна основа, со што растот на БДП во првата половина од 2023 година изнесува 1,6%;
- **Вкупниот број на невработени лица** на возраст од 15 до 74 години изнесува 103.888 лица. **Стапката на невработеност** во К-2-2023 изнесува 13,1% во категоријата од 15 до 74 години и 13,2% во категоријата од 15 до 64 години, додека кај младите лица (15 - 29 години) таа изнесува 24,5%;
- Просечната **нето-плата** во К-2-2023 изнесува 36.376 денари и бележи раст од 15,1% на номинална основа, односно за 3,6% на реална основа, споредено со нето-платата во К-2-2022;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-2-2023 се повисоки за 10,1%, а вкупните буџетски расходи за 35,6% споредено со истиот квартал од 2022 година;
- **Стапката на инфлација** во К-2-2023 изнесува 11,2% на годишна основа;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-2-2023 се зголеми за 4,5% на квартална основа;
- Во К-2-2023 е забележан пад на **извозот на стоки** од 1,5% и пад на **увозот на стоки** од 11,5% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа пад од 7,4%.

# Содржина:

Содржина: 2
1. Економска активност 3
2. Пазар на работна сила 5
3. Јавни финансии 7
3.1. Буџетски приходи според економската класификација 7
3.2. Буџетски расходи според економската класификација 9
3.3. Расходи по буџетски корисници 10
3.4. Буџетски дефицит и државен долг 12
4. Инфлација и монетарни движења 12
5. Надворешен сектор 15
5.1. Надворешнотрговска размена 15
5.2. Платен биланс 19

# 1. Економска активност

Во К-2-2023 е забележан **раст на економската активност** од 1,1%, со што економскиот раст во првото полугодие од 2023 година изнесува 1,6%. Анализирано според производната страна на БДП, растот на активноста во **услужниот сектор** е на широка основа и се зголеми за 3,9%. Највисок раст во рамките на услужните дејности има кај Трговија, транспорт и угостителство од 7,6%, по што следуваат: Финансиски и дејности на осигурување од 5,0%, Информации и комуникации од 3,7%, Стручни, научни и технички дејности од 2,8%, Дејности во врска со недвижен имот од 2,6% и Јавна управа, одбрана, образование и здравство од 0,8%. Пад е забележан кај Уметност, забава и рекреација од 0,5%.

Табела 1: БДП и компоненти по производен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

| Сектори | реален раст (%) | | | | | | | | придонес во раст (п.п.) | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | К1 2022 | К2 2022 | К3 2022 | К4 2022 | 2022 | К1 2023 | К2 2023 | П1 2023 | К1 2022 | К2 2022 | К3 2022 | К4 2022 | 2022 | К1 2023 | К2 2023 | П1 2023 |
| Бруто-домашен производ | 2,2 | 4,0 | 2,0 | 0,6 | 2,1 | 2,1 | 1,1 | 1,6 | | | | | | | | |
| Земјоделство | 1,6 | 4,3 | 3,5 | -0,9 | 2,0 | 0,1 | 0,2 | 0,1 | 0,1 | 0,3 | 0,2 | -0,1 | 0,1 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Индустрија | -4,1 | 0,7 | -1,7 | -1,1 | -1,5 | 0,8 | 2,6 | 1,7 | -0,7 | 0,1 | -0,3 | -0,2 | -0,3 | 0,1 | 0,4 | 0,3 |
| Преработувачка индустрија | -2,5 | 1,9 | -2,9 | -3,2 | -1,8 | -0,1 | 2,8 | 1,4 | -0,3 | 0,2 | -0,4 | -0,5 | -0,2 | 0,0 | 0,4 | 0,2 |
| Градежништво | -16,7 | -1,0 | -9,1 | -8,1 | -8,4 | 12,7 | -21,8 | -7,5 | -0,6 | 0,0 | -0,6 | -0,6 | -0,5 | 0,5 | -1,1 | -0,3 |
| Услужен сектор | 6,6 | 5,9 | 4,5 | 2,2 | 4,7 | 3,6 | 3,9 | 3,7 | 3,8 | 3,3 | 2,6 | 1,2 | 2,7 | 2,2 | 2,3 | 2,3 |
| Трговија, транспорт и угостителство | 7,4 | 6,4 | 9,1 | 8,3 | 7,8 | 10,6 | 7,6 | 9,1 | 1,3 | 1,2 | 1,9 | 1,6 | 1,5 | 2,2 | 1,7 | 1,9 |
| Информации и комуникации | 6,6 | 7,3 | -0,7 | -2,0 | 2,6 | 3,8 | 3,7 | 3,8 | 0,3 | 0,3 | 0,0 | -0,1 | 0,1 | 0,2 | 0,2 | 0,2 |
| Финансиски и дејности за осигурување | 1,0 | -0,7 | 5,8 | -0,9 | 1,3 | 4,7 | 5,0 | 4,8 | 0,0 | 0,0 | 0,2 | 0,0 | 0,0 | 0,2 | 0,1 | 0,1 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 4,7 | 7,2 | 3,1 | 1,3 | 4,1 | 0,4 | 2,6 | 1,4 | 0,6 | 0,7 | 0,3 | 0,1 | 0,4 | 0,0 | 0,3 | 0,2 |
| Стручни, научни и технички дејности | 17,1 | 12,1 | 5,6 | 0,5 | 8,7 | 0,5 | 2,8 | 1,7 | 0,7 | 0,5 | 0,2 | 0,0 | 0,3 | 0,0 | 0,1 | 0,1 |
| Јавна управа, одбрана, образование и здравство | 2,1 | 0,9 | -0,9 | -1,9 | 0,0 | -0,9 | 0,8 | 0,0 | 0,3 | 0,1 | -0,1 | -0,2 | 0,0 | -0,1 | 0,1 | 0,0 |
| Уметност, забава и рекреација | 17,7 | 14,2 | 11,8 | 1,5 | 11,0 | -1,6 | -0,5 | -1,0 | 0,5 | 0,4 | 0,3 | 0,0 | 0,3 | -0,1 | 0,0 | 0,0 |
| Нето-даноци на производи | -2,2 | 0,9 | 1,7 | -0,9 | -0,2 | 0,3 | 1,0 | 0,9 | -0,3 | 0,1 | 0,2 | -0,1 | 0,0 | 0,0 | 0,1 | 0,1 |
| *резидуал* | | | | | | | | | -0,1 | 0,1 | -0,2 | 0,3 | 0,0 | -0,8 | -0,7 | -0,7 |

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-2-2023) и пресметки на МФ.

**Индустрискиот сектор** забележа раст од 2,6%, во чии рамки преработувачката индустрија забележа раст од 2,8%. Согласно високофреквентните податоци, раст во К-2-2023 забележа и Снабдувањето со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 27,3%, додека Рударството и вадење камен забележа пад од 2,8%. Во рамки на преработувачката индустрија позначителен придонес врз растот имаат следните гранки: Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати (раст од 20,6%, придонес 0,8 п.п.), Производство на

Графикон 1.1. Индустриски сектор
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

моторни возила, приколки и полуприколки (раст од 8,0%, придонес 0,8 п.п.) и Производство на машини и уреди (раст од 7,5%, придонес од 0,6 п.п.).

**Земјоделскиот сектор** регистрира раст од 0,2%, по растот од 0,1% во претходниот квартал, додека **градежната активност** опадна за 21,8% (по растот од 12,7% во К-1-2023), што, согласно месечните податоци, се должи на падот во двата сегмента, односно високоградба и нискоградба.

Анализирано според расходната страна на БДП, растот на економската активност е резултат на позитивниот придонес на нето-извозот врз економскиот раст и на растот на потрошувачката. Потрошувачката забележа раст од 0,8% на реална основа, во чии рамки **приватната потрошувачка** порасна за 1,6%, додека **јавната потрошувачка** се намали за 2,7% на реална основа.

Графикон 1.2. Придонес во економскиот раст по компоненти
*(процентни поени)*




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ

**Бруто-инвестициите** забележаа пад од 1,2%, што се должи на високата споредбена основа во К-2-2022 година (раст од 41,5%), главно како резултат на зголемувањето на залихите во тој период.

Графикон 1.3. Инвестиции и градежна активност
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

**Извозот на стоки и услуги** забележа пад од 1,2% на реална основа, а **увозот на стоки и услуги** пад од 1,7%. Оттука, и покрај падот на извозот, нето-извозот бележи позитивен придонес врз економскиот раст.

Табела 2: БДП и компоненти по расходен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

| Компоненти | реален раст (%) | | | | | | | | придонес во раст (п.п.) | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | К1 2022 | К2 2022 | К3 2022 | К4 2022 | 2022 | К1 2023 | К2 2023 | П1 2023 | К1 2022 | К2 2022 | К3 2022 | К4 2022 | 2022 | К1 2023 | К2 2023 | П1 2023 |
| Бруто-домашен производ | 2,2 | 4,0 | 2,0 | 0,6 | 2,1 | 2,1 | 1,1 | 1,6 | | | | | | | | |
| Финална потрошувачка | 2,5 | 0,2 | 3,5 | 1,9 | 2,0 | 1,0 | 0,8 | 0,9 | 2,1 | 0,2 | 2,9 | 1,6 | 1,7 | 0,9 | 0,7 | 0,8 |
| Приватна | 2,5 | 1,5 | 5,4 | 3,0 | 3,1 | 2,7 | 1,6 | 2,1 | 1,7 | 1,0 | 3,6 | 2,0 | 2,1 | 1,9 | 1,2 | 1,5 |
| Јавна | 2,7 | -5,2 | -4,7 | -2,8 | -2,6 | -5,9 | -2,7 | -4,3 | 0,4 | -0,9 | -0,8 | -0,4 | -0,4 | -1,0 | -0,4 | -0,7 |
| Бруто-инвестиции | 31,8 | 41,5 | 9,0 | -5,3 | 15,0 | -22,3 | -1,2 | -11,7 | 9,1 | 12,0 | 2,6 | -2,2 | 4,9 | -8,3 | -0,4 | -4,2 |
| Извоз на стоки и услуги | 11,3 | 14,2 | 17,8 | 10,2 | 13,4 | 7,1 | -1,2 | 2,8 | 7,6 | 9,4 | 12,1 | 6,5 | 8,9 | 5,5 | -0,9 | 2,2 |
| Увоз на стоки и услуги | 21,2 | 19,8 | 19,4 | 6,5 | 16,1 | -4,3 | -1,7 | -3,0 | 16,8 | 16,2 | 15,6 | 5,7 | 13,2 | -4,4 | -1,7 | -3,0 |
| Нето-извоз | | | | | | | | | -9,1 | -6,7 | -3,5 | 0,8 | -4,4 | 9,9 | 0,8 | 5,2 |
| *резидуал* | | | | | | | | | 0,1 | -1,4 | -0,1 | 0,4 | 0,0 | -0,3 | 0,0 | -0,6 |

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-2-2023) и пресметки на МФ.


MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Графикон 1.4. Реални годишни стапки на раст на БДП во ЕУ и регионот, во %




Извор: Евростат и национални заводи за статистика.
*Податокот за Западен Балкан (6) се однесува на земјите: Албанија, БиХ, Косово, С. Македонија, Србија и Црна Гора.

## 2. Пазар на работна сила

Од почетокот на 2021 година, во сите земји членки на ЕУ, Анкетата за работната сила се спроведува во согласност со Регулативата (ЕУ) бр. 2019/1700 на Европскиот парламент и Советот за социјална статистика и соодветната извршна регулатива на Комисијата (ЕУ) бр. 2019/2240 за областа работна сила. Нив РСМ ги имплементираше во 2023 година, при што претходната Регулатива (ЕЗ) бр. 577/98 е укината. Овие промени предизвикаа прекин на временските серии податоци, па во таа насока

податоците за 2023 година не се споредливи со податоците од претходните години.

## Вработеност

Во К-2-2023, според Анкетата на работната сила, **бројот на вработени лица** на возраст од 15 до 89 години изнесува 689.714, што претставува раст од 0,9% (или 6.472 лица), споредено со првиот квартал.

**По дејности**, најголем број од вработените во К-2-2023 се во услужната дејност (411.014 лица или 59,6% од вкупно вработените), а потоа следи индустријата со вкупно 161.809 лица (23,5% учество во вкупниот број вработени лица), во чии рамки најголем број вработени бележи секторот Преработувачка индустрија (130.757 вработени лица или 19,0% од вкупно вработените). Вработените во земјоделскиот сектор и во градежништвото учествуваат со 8,7% и 7,8% во вкупниот број вработени лица , односно 60.047 и 53.887 лица, соодветно.

Во рамки на услужната дејност, најголем дел од вработените се во секторот Трговија на големо и трговија на мало (104.155 лица или 15,1% од вкупно вработените), следено од секторите: Јавна управа и одбрана (56.979 лица или 8,3% од вкупно вработените), Образование (48.024 лица или 7,0% од вкупно вработените) и Дејности на здравствена и социјална заштита (44.392 лица или 6,4% од вкупно вработените).

Од вкупниот број вработени, 509.650 лица се вработени во субјекти во приватна сопственост (73,9% од вкупно вработените), додека 180.064 лица се вработени во субјекти од мешовита, задружна или државна сопственост (26,1% од вкупно вработените).

**Стапката на вработеност** во К-2-2023 во категоријата од 15 до 64 години изнесува 56,8%, а во категоријата од 15 до 89 години изнесува 45,5%. Во однос на претходниот квартал стапката на вработеност е зголемена за 0,4 п.п. и 0,3 п.п., соодветно. Кај лицата од 15 до 29 години, стапката на вработеност изнесува 34,8% и што значи дека е повисока за 1,4 п.п. споредено со претходниот квартал.




**Според половата структура**, стапката на вработеност во категоријата 15 - 89 години е значително повисока кај мажите и изнесува 54,3%, наспроти 37,0% кај жените.

## Невработеност

**Вкупниот број на невработени лица** на возраст од 15 до 74 години изнесува 103.888 лица. Во К-2-2023, **стапката на невработеност** во категоријата од 15 до 74 години изнесува 13,1% и е намалена за

0,2 п.п. споредено со претходниот квартал. Стапката на невработеност во категоријата од 15 до 64 години изнесува 13,2%, додека кај младите (од 15 до 29 години) 24,5% и во однос на К-1-2023 година овие стапки се намалени за 0,2 п.п. и 1,2 п.п., соодветно.

**Според половата структура**, стапката на невработеност кај женското население од возрасната група 15 - 74 во К-2-2023 изнесува 12,8% и е пониска за 0,5 п.п. во однос на стапката на невработеност кај мажите од истата возрасна група, која изнесува 13,3%.

### Активно население

**Вкупното активно население** на возраст од 15 до 89 години во К-2-2023 изнесува 793.602 лица или 52,4% од вкупното работоспособно население.

**Според половата структура,** стапката на активност кај жените од возрасната група од 15 до 89 години изнесува 42,5% и е пониска за 20,2 п.п. од таа кај мажите (62,6%).

### Плати

Просечната месечна **нето-плата** во К-2-2023 изнесува 36.376 денари и е повисока за 15,1% на номинална основа споредено со истиот квартал од 2022 година, додека на реална основа нето-платата е повисока за 3,6%.

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Највисока нето-плата во К-2-2023 е исплатена во секторот Информации и комуникации (70.086 денари), по што следат Финансиски дејности и дејности за осигурување со 55.528 денари, секторот Рударство и вадење камен (48.189 денари) и секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со просечно исплатена нето-плата во висина од 48.173 денари.

Просечната месечна **бруто-плата** во К-2-2023 изнесува 54.254 денари, што претставува раст од 15,4% на номинална основа и 3,8% на реална.

# 3. Јавни финансии

## 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

**Вкупните буџетски приходи** во К-2-2023 учествуваат со 31,5% во кварталниот БДП и се повисоки за 10,1% споредено со вториот квартал од 2022 година, а притоа раст бележат даноците од 7,7% и придонесите од 21,3%, додека

неданочните приходи се намалени за 5,3%. Кај даночните приходи, повисока наплата е забележана кај данокот на личен доход, ДДВ, акцизите и увозните давачки.

Наплатата на индиректните даноци во К-2-2023 е зголемена за 8,0%, а на директните даноци за 7,1% во однос на К-2-2022. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, учеството на приходите од директни даноци е намалено за 0,1 п.п. на годишно ниво, односно од 5,8% во вториот квартал минатата година на 5,7% од кварталниот БДП во истиот квартал оваа година, а учеството на приходите од индиректни даноци во БДП за К-2-2023 изнесува 12,2% и е пониско за 0,1 п.п. во однос на К-2-2022 кога изнесуваше 12,3%.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К2
*(% од номинален квартален БДП)*




Извор: Министерство за финансии

Кај **индиректните даноци** приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 41,4% од вкупните даночни приходи во К-2-2023 и се зголемени за 4,2% споредено со истиот квартал претходната година. Во структурата на данокот на додадена вредност најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал претходната година, приходите од акцизи се повисоки за 12,9%, а приходите од царински давачки за 18,5%.

Во рамки на **директните даноци**, кај данокот на личен доход е забележано зголемување од 13,8%, а приходите од данокот на добивка бележат минимално намалување од 0,4% во однос на истиот квартал претходната година.

Графикон 3.2. Остварувања на буџетските приходи во К2 2023
(во мил. денари)




Наплатата на **социјалните придонеси** е повисока за 21,3%, така што зголемување на наплатата е забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување за 21,1%, кај придонесите за вработување за 21,8% и кај придонесите за здравствено осигурување за 21,5%.

**Неданочните приходи**, кои претставуваат 1,9% од кварталниот БДП, во К-2-2023 беа реализирани за 5,3% помалку во однос на истиот квартал од 2022 година.

**Капиталните приходи**, во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови и приходи од дивиденди, во К-2-2023 се

пониски за 62,5% на годишна основа. Приходите по основ на **донации од странство** се пониски за 18,4% во споредба со истиот квартал од 2022 г.

## 3.2. Буџетски расходи според економската класификација

**Вкупните буџетски расходи** во К-2-2023, со учество од 41,2% во кварталниот БДП, се повисоки за 35,6% споредено со истиот квартал од 2022 година.

**Тековните расходи**, кои претставуваат 33,2% од кварталниот БДП, учествуваат со 80,5% во вкупните расходи и нивната реализација е за 15,9% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги забележаа зголемување за 9,5%, а расходите за плати и надоместоци за 12,7% во однос на истиот квартал претходната година.




Средствата за трансфери, кои учествуваат со 60,3% во вкупните расходи, имаат реализација за 16,8% повеќе на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 12,2% и учествуваа со 42,8% во вкупните расходи. Расходите за пензии, коишто сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 13,5% и забележаа учество од 26,6% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, во која спаѓаат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 16,8% и забележа зголемување од 29,5% во однос на вториот квартал од 2022 година. Блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување од 15,8%, а субвенциите и трансферите од 38,2% споредено со К-2-2022.

Расходите за каматни плаќања се зголемени за 21,3% на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување од 12,2%, а каматните расходи по надворешен долг од 25,2%.




**Капиталните расходи**, кои претставуваат 8,0% од кварталниот БДП, се реализирани за 359,1% повеќе споредено со истиот квартал од 2022 година и оствари учество од 19,5% во вкупните расходи.

## 3.3. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

**Министерството за труд и социјална политика** во К-2-2023 година, реализира 14.023 милиони денари или 26,3% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (66,5%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 9.326 милиони денари или 26,7% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, која учествува со 24,2% во вкупните расходи и за оваа намена се реализирани 26,7% (3.387 милиони денари) од планираните за 2023 година.

**Во анализираниот период, Министерството за образование и наука** изврши буџетски средства во износ од 8.231 милион денари, што е 25,4% од вкупниот буџет за 2023 година. Најголем дел од расходите (58,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 4.846 милион денари или 25,1% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 16,1%, за што се потрошени 1.329 милиони денари, односно 25,3% од вкупно предвидените.

**Владата на Република Северна Македонија** во К-2-2023 година реализира вкупно 3.771 милион денари, односно 21,0% од планираните средства за 2023 година. Притоа, капиталните расходи имаат доминантно учество од 79,6% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, за што се реализирани 3.002 милиона денари (58,1% од предвидените средства).

Графикон 3.5. Структура на расходи по буџетски корисници во К-2-2023 *(во %)*




Извор: Министерство за финансии

Во анализираниот период, **Министерството за внатрешни работи** реализира вкупно 3.119 милиони денари, што претставува 24,5% од сопствениот буџет за 2023 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 67,8%, за што се потрошени 2.116 милион денари или 24,7% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 20,0%, за што се реализирани 624 милион денари или 26,3% од годишниот план.

Во К-2-2023 година, **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)** реализира 3.077 милиони денари што претставува 34,9% од

планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 94,5% во вкупните расходи, реализирани се 39,9% од планираните средства, односно 2.909 милиони денари.

Во периодот К-2-2023 година, **Министерството за здравство** изврши буџетски средства во износ од 1.701 милион денари, што е 24,5% од вкупниот буџет за 2023 година. Расходите за тековни трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во вкупните расходи и тоа 57,3%, за што се потрошени 974 милиони денари или 32,5% од средствата наменети за 2023 година. За стоки и услуги издвоени се 653 милиони денари, односно 20,6% од вкупно планираните.

**Министерството за одбрана** во периодот К-2-2023 година реализира 2.827 милиони денари, што е 16,6% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество со 47,9% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.354 милиони денари, односно 27,1% од вкупно предвидените. Стоки и услуги е втора најзначајна ставка во структурата на вкупните расходи со учество од 26,0% и исплата од 734 милиони денари, што е 20,3% од планираните средства за тековната година.

**Министерството за транспорт и врски** во овој период реализира 11.540 милиони денари, што е 57,6% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 59,3% од предвиденото за цела година (11.170 милиони денари).

**Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство** во периодот К-2-2023 година реализира 363 милиони денари што е 17,5% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество со 36,8% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 134 милиони денари, односно 25,0% од вкупно предвидените. Капитални расходи е втора најзначајна ставка во структурата на вкупните расходи со учество од 36,7% и исплата од 133 милиони денари, што е 14,0% од планираните средства за тековната година.

**Управата за јавни приходи** во овој период реализира 801 милион денари, што е 24,4% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери, како главна ставка, изнесува 29,2% од предвиденото за цела година (616 милиони денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог достапен на следната врска (*http://finance.gov.mk/квартален-економски-извештај/*).

## 3.4. Буџетски дефицит и државен долг

Во вториот квартал од 2023 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува 20.053 милиони денари или 9,7% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет 20.792 милиона денари, односно 10,0% од кварталниот БДП.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-2-2023 изнесува 50,4% од БДП и забележа зголемување на своето учество во БДП за 0,4 п.п. во однос на К-1-2023. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-1-2023 е намалено за 0,8 п.п. и изнесува 61,3%, а учеството на внатрешниот долг е соодветно зголемено и изнесува 38,7% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.6. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

## 4. Инфлација и монетарни движења

**Стапката на инфлација**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-2-2023 изнесува 11,2% (16,1% во претходниот квартал) на годишна основа и е намалена за 4,9 п.п. во споредба со К-1-2023. Во вториот квартал од 2023 година потрошувачките цени регистрираат понатамошно засилено намалување, што се пресликува од падот на цените на храната и енергентите на светските берзи.

Базичната инфлација во вториот квартал бележи забавување на растот, но сè уште регистрира високи стапки на раст од 9,3% (10,1% во К-1-2023), при што најголем придонес има категоријата Ресторани и хотели. Базичната инфлација се смирува побавно од очекуваното што е последица на заостанатите ефекти од минатогодишните зголемувања на цените на храната и енергентите.

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација




Извор: Државен завод за статистика

Во вториот квартал цените на енергентите и на примарните производи на светските берзи забележуваат понатамошно намалување и смирување по енормниот раст поради ценовните нарушувања предизвикани од војната во Украина и економските последици од неа. Сепак, инфлацијата во еврозоната и во регионот се покажа како поупорна, особено базичната, и покрај напорите на централните банки коишто ги зголемија основните каматни стапки со цел да ја зауздаат.

Гледано по компоненти, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци во К-2-2023 регистрираа раст од 14,4% (24,0% во претходниот квартал), што преставува намалување од скоро 10 п.п. во споредба со претходниот квартал и е во согласност со движењата на цените на светските берзи. Нивото на цените на храната е резултат на цените на лебот и житата, месото, млекото, сирењето и јајцата и зеленчукот. Цените на маслото во вториот квартал регистрираа намалување.

Раст на потрошувачките цени во К-2-2023 се бележи и во следните категории: Ресторани и хотели од 17,8%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 15,7%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 14,1%, Разновидни стоки и услуги од 12,8%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 8,7%, Рекреација и култура од 6,8%, Облека и обувки од 4,9%, Здравствена заштита од 4,3%, Образование од 3,6% и Комуникации од 0,8%. Цените во категоријата Транспорт регистрираа намалување од 2,1%, како резултат на намалувањето на цените на горивата. Во првиот квартал цените на мало регистрираа раст од 7,8%.

Како одговор на растечката инфлација и инфлациските очекувања во текот на 2022 година, Народната банка во неколку наврати ја зголеми **основната каматна стапка.** Затегнувањето на монетарната политика продолжи и во првата половина од 2023 година, па така во вториот квартал НБРСМ ја зголеми каматната стапка од 5,50% во март на 6,0% во јуни 2023 година.

Во согласност со зголемувањето на основната каматна стапка, зголемени беа и каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и на седум дена, па така тие изнесуваат 3,90% и 3,95%, соодветно

**Примарните пари**[1] во К-2-2023 забележаа пад од 2,9% на квартална основа (во претходниот квартал е забележан раст од 2,8%), како резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства за 10,9%, додека готовите пари се зголемија за 4,7%.

Во однос на К-2-2022, примарните пари се намалија за 4,1% (во К-1-2023 е забележан раст од 1,4%), како резултат на падот на вкупните ликвидни средства за 16,4%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 9,0%.

---

[1] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Во К-2-2023, најтесната парична маса М1[2] забележа раст од 6,6% во однос на претходниот квартал. Монетарниот агрегат М2 се зголеми за 3,8%, а најширокиот монетарен агрегат М4 регистрира раст од 4,6% на квартална основа.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[3] на банките во К-2-2023 се зголеми за 4,5% на квартална основа, по падот од 1,1% во претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата и домаќинствата се зголемија за 9,4% и 2,6%, соодветно. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските депозити се зголемија за 6,4%, а девизните депозити за 2,3%.

Степенот на евроизација е намален за 0,9 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 44,1%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-2-2023 се зголеми за 0,7 п.п. споредено со претходниот квартал и изнесува 21,3% (во К-1-2023 изнесуваше 20,6%). Во анализираниот период, краткорочните депозити забележаа зголемување од 0,9%.

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

**Кредитната активност** на банките во К-2-2023 се зголеми за 2,6% на квартална основа (во претходниот квартал кредитите стагнираа), во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 3,1% и раст на кредитите кон домаќинствата од 2,2%. Во К-2-2023, од валутен аспект, денарските и девизните кредити се зголемија за 2,3% и 3,1%, соодветно.

Според рочноста, долгорочните кредити во К-2-2023 во однос на претходниот квартал бележат раст од 3,1%, а краткорочните кредити од 0,3%.

**Каматната стапка**[4] на денарските кредити во К-2-2023 изнесува 5,24% и е зголемена за 0,13 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-2-2023 изнесува 4,93% што значи дека е зголемена за 0,4 п.п. во однос на претходниот квартал.

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

[3] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

[4] Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.

Каматната стапка на денарските депозити во К-2-2023 изнесува 1,67% и забележа раст од 0,28 п.п. споредено со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 0,94% и е зголемена за 0,23 п.п. во однос на претходниот квартал.

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-2-2023 изнесува 5,50%, а на новоодобрените девизни кредити 5,09%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,79% и 1,81%, соодветно.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-2-2023 изнесува 4.903,7 милиони евра и бележи пад од 7,4% во однос на истиот квартал од 2022 година.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки




**Извозот на стоки** во К-2-2023 изнесува 2.125,6 милиони евра и во однос на К-2-2022 бележи пад од 1,5%, додека споредено со претходниот квартал извозот останува на исто ниво.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), во К-2-2023 се забележува пад на извозот на годишна основа во следните сектори:

- производи класирани по материјалот за 36,2% (во чии рамки најголем пад забележаа категориите: железо и челик за 100,4 милиони евра или 40,2%; предиво, ткаенини и текстилни производи за 20,8 милиони евра или 48,7%);

- минерални горива и мазива за 13,4% (нафта и производи од нафта за 27,2 милиона евра или 55,5%);
- суровини освен гориво за 21,1% (метална руда и отпадоци од метал за 20,9 милиони евра или 22,4%) и
- животински и растителни масла за 53,3% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 3,1 милион евра или 55,0%).

Раст на извозот се забележува во следните сектори:

- машини и транспортни уреди за 17,5% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: друмски возила за 34,7 милиони евра или 34,7%; електрични машини, апарати и делови за 23,8 милиони евра или 8,3%);
- разни готови производи за 14,2% (мебел и негови делови, постелнина, душеци, перници и слично за 21,0 милион евра или 27,4%; облека за 6,4 милиони евра или 6,1%);
- хемиски производи за 1,2% (хемиски материи и производи за 9,5 милиони евра или за 1,5%; медицински и фармацевтски производи за 7,5 милиони евра или за 24,9% );
- пијалаци и тутун за 32,2% (тутун и производи од тутун за 16,0 милиони евра или 41,3%) и
- производи за храна за 3,0% (овошје и зеленчук за 6,7 милиони евра или 5,3%; кафе, чај, какао, зачини и производи од нив за 1,0 милион евра или 16,2%);

Гледано **по економска намена**, во К-2-2023 пад на извозот се забележува во следните групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 120,3 милиони евра или 9,3%;
- горива и мазива за 10,4 милиони евра или 15,4%;

Зголемување на извозот има во следните групи производи:

- производи за инвестиции без транспортна опрема за 46,5 милиони евра или 27,8%;
- транспортна опрема за 35,8 милиони евра или 13,0%;
- стоки за широка потрошувачка за 10,4 милиони евра или 5,0% и
- храна и пијалаци од 6,6 милиони евра или 4,3%.

**Увозот на стоки** во К-2-2023 изнесува 2.778,1 милион евра и е намален за 11,5% во однос на К-2-2022, додека во однос на претходниот квартал бележи раст од 0,7%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, намалување на увозот во К-2-2023 во однос на К-2-2022 се забележува во следните сектори:

- минерални горива и мазива за 42,3% (во чии рамки најголем пад забележаа категориите: нафта и производи од нафта за 116,6 милиони евра или 38,5%; електрична енергија за 97,1 милион евра или 71,9%);
- производи класирани по материјалот за 14,4% (железо и челик за 86,4 милиони евра или 43,5%; обоени метали за 64,7 милиони евра или 15,3%);

- хемиски производи за 13,9% (неоргански хемиски производи за 62,9 милиони евра или за 39,7%);
- суровини освен гориво за 30,8% (метална руда и отпадоци од метал за 21,1 милион евра или 39,6%) и
- животински и растителни масла за 54,1% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 16,7 милиони евра или 57,6%).

Зголемување на увозот се забележува во следните сектори:

- машини и транспортни уреди за 12,2% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: друмски возила за 29,7 милиони евра или 30,6%; електрични машини, апарати и делови за 22,3 милиони евра или 8,0%);
- производи за храна за 9,5% (месо и преработки од месо за 7,1 милион евра или 15,1%; овошје и зеленчук за 5,1 милион евра или 16,2%, кафе, чај, какао, зачини и производи од нив за 4,8 милиони евра или 22,6%);
- разни готови производи за 7,9% (професионални, научни и контролни инструменти и апарати за 4,2 милиона евра или 24,3%) и
- пијалаци и тутун за 4,3% (пијалаци за 0,8 милиони евра или 3,8%).

Гледано **по економска намена**, во К-2-2023 пад на увозот има во следните групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 274,3 милиони евра или 17,1% и
- горива и мазива за 210,9 милиони евра или 41,7%.

Зголемување на увозот се забележува во следните групи производи:

- производи за инвестиции без транспортна опрема за 42,0 милиона евра или 10,6%;
- транспортна опрема за 34,9 милиони евра или 26,9%;
- стоки за широка потрошувачка за 34,7 милиони евра или 14,2% и
- храна и пијалаци за 6,6 милиони евра или 2,5%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-2-2023




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

Надворешнотрговската размена на Европската Унија (ЕУ 27[5]) во К-2-2023 е намалена за 3,5% во однос на К-2-2022, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 61,9% и е зголемено за 2,5 п.п. споредено со вториот квартал од 2022 година. Притоа, во К-2-2023 извозот на стоки учествува со 79,9%, а увозот на стоки со 48,2%.

[5]Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народната банка на Република Северна Македонија, во К-2-2023 на **тековната сметка** на билансот на плаќања е регистриран дефицит од 116,9 милиони евра, што претставува 3,5% од кварталниот БДП, наспроти дефицитот од 7,6% од БДП забележан во истиот квартал од 2022 година.

Графикон 5. 3. Салдо на тековна сметка
*(во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Анализирано на годишна основа, дефицитот на тековната сметка во К-2-2023 е намален за 117,1 милион евра, односно 50,1%, што се должи на намалувањето на дефицитот на сметката на стоки за 34,3%, како и на намалувањето на суфицитот на сметката на услуги за 91,3% и на сметката на секундарен доход за 0,5%. Спротивно влијание имаше зголемувањето на дефицитот на сметката на примарен доход за 29,1%.

Во К-2-2023 **трговскиот дефицит** е намален за 308,3 милиони евра на годишно ниво, додека во процент од кварталниот БДП е намален за 11,5 п.п. на годишна основа, односно изнесува 17,6%.

Графикон 5. 4. Тековна сметка на платниот биланс
*(салдо, во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-2-2023 изнесува 14,1 милион евра и во однос на истиот квартал од 2022 година е намален за 148,3 милиони евра. **Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-2-2023 изнесува 165,1% од кварталниот БДП и во однос на К-2-2022 е намалена за 15,4 п.п..

Сметката на **примарен доход** во К-2-2023 забележа дефицит од 176,8 милиони евра. Тој е зголемен за 39,9 милиони евра на годишно ниво.

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-2-2023 изнесува 636,9 милиони евра и на годишно ниво е намален за 3,0 милиони евра. Падот се должи на намалувањето на

официјалните трансфери за 9,8 милиони евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 1,5%, додека тековните трансфери се зголемени за 6,7 милиони евра, а во сметката на секундарниот доход учествуваат со 98,5%.

Дефицитот на **капиталната сметка** во К-2-2023 изнесува 0,5 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2022 година е намален за 0,1 милион евра.

Графикон 5. 5. СДИ во земјата




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-2-2023 изнесуваат 133,2 милиона евра и во однос на К-2-2022 се намалени за 26,0 милиони евра. Приливот на СДИ во овој период потекнува од сопственички капитал (по овој основ е остварен 51,4% од вкупниот прилив на СДИ) и од реинвестирање на добивката (49,6% од вкупниот прилив на СДИ), додека по основ на должнички инструменти е регистриран одлив.

**Портфолио инвестициите** во К-2-2023 изнесуваат 20,2 милиона евра и во однос на истиот квартал од претходната година се намалени за 48,9 милиони евра.

**Останатите инвестиции** во К-2-2023 се негативни и изнесуваат 67,6 милиони евра. Во рамки на категоријата останати инвестиции, валутите и депозитите изнесуваат 120,6 милиони евра, додека сметките на заемите и трговските кредити и аванси бележат негативно салдо од 174,9 и 12,5 милиони евра, соодветно.

**Девизните резерви** на крајот на вториот квартал од 2023 година изнесуваат 4,2 милијарди евра и во однос на К-2-2022 се зголемени за 34,5%. Девизните резерви на крајот на К-2-2023 обезбедуваат 4,1-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.